# ИНТЕРАКТИВНИ ПРИСТАПИ ВО НАСТАВАТА




ЕЛИЗАБЕТА ТОМЕВСКА - ИЛИЕВСКА

Елизабета Томевска - Илиевска

# ИНТЕРАКТИВНИ ПРИСТАПИ ВО НАСТАВАТА

– учебник –

второ издание

Универзитет „св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
2017

# Содржина

Предговор ........ 9

Вовед ........ 13

I. Интеракцијата како современа образовна стратегија ........ 17

1. Терминолошки определби и толкувања на основните поими ........ 19

2. Интеракцијата како дидактичка категорија ........ 33

2.1. Реализација на интерактивната настава ........ 40

2.2. Вреднување на интеракцијата ........ 46

3. Интеракцијата како современа образовна стратегија ........ 50

3.1. Современи пристапи во иницијалното образование на наставниците ........ 50

3.2. Партнерски односи во наставата ........ 64

3.2.1. Нивоа на користење на партнерски односи во интерактивната настава ........ 70

3.3. Стратегии за интерактивно учење во основното образование ........ 75

3.3.1. Концептот на „соодветна развојност" како основа на интеракцијата ........ 75

3.3.1.1. Програмска поддршка на интерактивниот концепт ........ 82

II. Интеракцијата во високото образование ........ 87

1. Детерминанти на интеракцијата во високото образование ........ 89

1.1. Компетенции за развој на интеракцијата во наставата ........ 89

1.2. Интерактивни вештини на наставникот во високото образование .. 110

1.2.1. Активности за поддршка на интеракцијата ........ 115

2. Имплементација на интеракцијата во високото образование ........ 120

2.1. Дидактичко дизајнирање на интерактивните модели ........ 120

2.2. Интерактивни модели за развивање на дидактички компетенции во наставата по дидактика на јазично подрачје ........ 135

2.3. Предлог-поддржувачки активности на интерактивниот концепт ........ 147

III. Методологија на истражувањето: Интерактивни модели за развивање на дидактичките компетенции на наставниците ........ 165

1. Предмет на истражувањето ........ 167

2. Цел и карактер на истражувањето ........ 168

3. Задачи на истражувањето ........ 168

3.1. Чекори во моделот на акционото истражување ........ 170

4. Хипотези на истражувањето ... 171
5. Варијабли на истражувањето ... 172
6. Методи, техники и инструменти на истражување ... 173
7. Примерок на истражувањето ... 176
8. Обработка на податоците ... 178
9. Календар на истражувањето ... 180
IV. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 185
1. Анализа на предметните програми ... 187
2. Анализа и интерпретација на резултатите од испитувањето на знаењата на студентите ... 193
2.1. Анализа и интерпретација на испитувањето на знаењата на студентите од првото тестирање ... 193
2.2. Анализа и интерпретација на испитувањето на знаењата на студентите од второто тестирање ... 195
2.3. Анализа и интерпретација на финалното испитување на знаењата ... 198
2.4. Формирање сумативна оценка ... 199
2.5. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од ревизијата на знаењата по предметот дидактика на јазично подрачје ... 201
3. Анализа и интерпретација на резултатите од испитувањата на ставовите ... 204
3.1. Анализа и интерпретација на податоците за реализацијата на интерактивни модели во наставата по дидактика на јазично подрачје ... 204
3.2. Финално испитување на ставовите ... 209
V. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ... 213
ЛИТЕРАТУРА ... 221

*Во знак на благодарност*
*и почит кон мојата менторка,*
*проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова*

# Предговор

Пишувањето на предговорот одново ме наврати на почетокот и на безбројните прашања кои си ги поставував пред да започнам со пишувањето на овој труд.

Мојот истражувачки интерес е во насока да се одговори на многу прашања кои, од една страна, се однесуваат на потребата и начинот за зајакнување на дидактичката компонента на академската настава, а, од друга страна, пак, наставата што е реализирана од компетентни наставници во основно и во средно образование, третирана како идеална средина и модел за развивање на дидактичките компетенции на наставниците, којшто во истражувањето е поддржан со интерактивна реализација на високообразовно ниво.

Поведена од мотото „Педагогијата тргнува во акција“ се надевам и очекувам дека преку базично промовирање на еден речиси неистражуван научен проблем се пронаоѓаат и дел од автентичните решенија за негово разрешување.

Определбата за пишување на овој труд настана како резултат на мојата докторска дисертација „Интерактивни модели за развивање на дидактичките компетенции на наставниците“. Во трудот, исто така, е вградено и моето децениско искуство при реализацијата на многубројни обуки со наставници и педагози, како и искуството здобиено од работата со студентите од Филозофскиот факултет, пред сè, со идните педагози и наставници.

Овој труд се занимава со теоретско втемелување на интерактивни наставни корпуси, но од перспектива на теоретски, методолошки и практични аспекти на конципирање на дидактички модели кои се втемелени на интерактивната настава.

Но, со должна напомена за да не дојде до големо обременување на овој труд, сетот на развиените интерактивни дидактички модели, кои се обемни по карактер, ќе биде публикуван во посебно издание, кое ќе претставува негова своевидна „образовна поддршка".

Во првиот дел од трудот се опфатени повеќе значајни прашања коишто се однесуваат на интеракцијата како дидактичка категорија, што претставува и најопшт начин на нејзиното третирање во трудот, по што следува постапност во фокусирањето врз интеракцијата во високото образование, како потесна истражувачка сфера. Од тука се започнува и со анализирањето на компетенциите на идните наставници и нивните интерактивни вештини во високото образование, така што речиси на самиот почеток се гради конзистентен дидактички концепт за дизајнирање на интерактивни модели, како и елаборација на повеќе поддржувачки активности.

Имено, станува збор за акционо истражување со партиципативен, интерпретативен и дескриптивен карактер, кое според должината на истражувачките активности може да добие епитет на своевидна лонгитудиналност (временскиот интервал од првиот до последниот истражувачки чекор изнесува две календарски години). Суштината на ваквиот начин на истражување е што тоа е составено од низа акциони чекори со кои непосредно се дејствува во практиката, се врши симултано набљудување на одвивањето на акцијата (партиципација), активностите на субјектите вклучени во процесот и етапни ревизии по секоја акција, кои завршуваат со крајна реконструкција. Едноставно речено, тоа е директно „влегување" во процесот и негово менување „во ôд".

Дидактичката конструкција на овие модели, како и на сите останати модели, оди во прилог на градење на интерактивна академска настава, што е утврдено како образовна потреба на студентите.

Ваквиот универзално-дидактички „влез“ во наставата при реализација на предметната програма по дидактика на јазичното подрачје, овозможува, при промена на содржините на моделите, да се реализираат и програмските цели од матичниот предмет. Концепцијата на истражувачот дека овие интерактивни модели и нивната реализација треба да претставуваат „урнек“ за стил на наставно однесување и работење на студентите, во текот на ова истражување е во целост остварена на ниво на практична работа на студентите во училиштата. Имено, анализата на протоколите на набљудување и „дидактичките сетови“ на подготовката и реализацијата на наставните часови од страна на студентите, како и високиот степен на интерактивност при реализацијата на наставата, упатуваат на констатација за висок степен на развиени дидактички компетенции кај студентите.

И покрај тоа што конкретните интерактивни модели кореспондираат со една предметна програма, поради својата универзалност, тие визионираат развивање на нов концепт на академската дидактика. Тоа е, всушност, и еден од најголемите придонеси на овој труд.

Дидактичкото дизајнирање на интерактивната настава е производ на потребата за осовременување на образованието на сите степени, при што интересот на овој труд е насочен кон наставата во високото образование и развивање на посебни дидактички компетенции на идните наставници, кои со својата работа ќе партиципираат во осовременувањето на наставата во основното образование. Значи, станува збор за два процеса кои се меѓусебно условени, кои постојано се развиваат и надградуваат.

Токму оваа комплексност на трудот влијаеше тој да биде во голем обем (издаден во два дела), а големиот обем, од друга страна, значи дека овој труд немаше да биде напишан ако не постоеше помош и поддршка од луѓето кои цело време ме поддржуваа и ме поддржуваат и на кои искрено им се заблагодарувам.

Пред сѐ, благодарност им должам на моите студенти – студентите од Филозофскиот факултет од Институтот за педагогија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за „двете“ академски години исполнети со посветена работа, многу енергија и вложување во секој поглед.

Благодарам на моето семејство за поддршката, а посебно му благодарам на мојот Љубен – изворот на мојата сила и енергија, за поддршката што ја изразуваше преку трпеливото „одложување“ на единствените и неповторливи моменти од неговото детство.

Голема благодарност за успешно заокружување на овој труд им упатувам на моите професори кои ми ја пружија помошта преку „претворањето, на понекогаш многу бујната, дива и непроодна шума на моите многубројни идеи во култивиран и негуван парк“.

На самиот крај, благодарност за успешно заокружување на овој труд пред сѐ ѝ должам на мојата менторка, проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова, којашто во патот изминат во текот на годините наназад ми даваше постојана и несебична поддршка, визионерски ме водеше и ме поддржуваше со непроценлива енергија.

д-р Елизабета Томевска-Илиевска

# Вовед

Подобрувањето на квалитетот на наставата во високото образование е актуелен проблем кој може да се истражува од повеќе аспекти. И покрај тоа што по воведувањето на кредит-трансфер системот, кој имплицира висок степен на учество на студентите во реализацијата на наставата (постојано следење и современ начин на оценување), ефикасност и квалитет на наставата, се чини дека процесот на реализација сè уште има второстепено значење, барем од аспект на интересот за негово унапредување.

Остануваат отворени многу прашања кои имаат универзален карактер, исто како што е универзална и самата настава. Особено значење има прашањето за додипломското образование на идните наставници. Земајќи ја предвид важноста на професијата наставник, со сето нејзино повеќеслојно значење во однос на многу значајни сегменти од општествената сфера на живеење, вокацијата на истражувачот, како и искуствата од долгогодишното работење на повеќе проекти за перманентно усовршување на наставниците, проблемите, врз кои се фокусира овој труд, се во тесна корелација со барањето на многу одговори за тоа како да се подобри образованието на идните наставници.

Конзистентноста во спроведувањето на истражувањето „Интерактивни модели за развивање на дидактичките компетенции на наставниците“ и севкупната негова теоретска втемеленост започнува со поставување на интерактивни основи на наставата, со посебен осврт во еден студиски предмет со базично значење во однос на развивањето на јазичните вештини (дидактика на јазично подрачје). За таа цел преку четиринаесет дидактички модели, со изразен интерактивен карактер, во текот на еден семестар, во два циклуса од по седум модели, преку презентирање

на програмските содржини од оваа предметна програма и преку реализација на интерактивни активности, од студентите се очекува висок степен на активност, придружен со континуирано следење на нивниот напредок. Интерактивните модели служат како начин на работа со студентите, но истовремено тие претставуваат и модели за работа во практиката.

По завршувањето на првиот циклус по примената на интерактивните модели, испитани се знаењата и ставовите на студентите, што е направено и по реализацијата на интерактивните модели во вториот циклус. Одржливоста на целиот концепт за примената на интерактивните модели и крајните ефекти од тоа, се направени преку ревизија на стекнатите знаења и конечните ставови на крајот од студирањето.

Акциониот карактер на истражувањето претпоставува постојана акција во насока на промени, дополнувања, проширувања, ревизии, што во овој случај е направено преку постојано менување на одделни елементи од моделите, по добивањето на повратни информации по првото и второто испитување на ставовите. Дел од промените на основниот дизајн беа условени и со фондот на часовите предвидени за овој предмет, кој секогаш целосно не се совпаѓаа со замислата на авторот. На тој начин моделите станаа отворени системи кои постојано се усовршуваа во насока на соодветност на потребите на практиката и на студентите.

Заради универзалноста на основниот дидактички концепт, кој се применува во овој труд, една од замислите на авторката беше тие да станат генератори, своевидни примери (урнеци) за поддршка на интеракцијата во високото образование при развивање на најразлични профили. Тоа во прв ред се однесува на онаа категорија студенти кои во иднина ќе се определат да работат како наставници во различни степени на образованието.

Со оглед на својот карактер, трудот ќе даде и еден поширок придонес, дотолку повеќе што во истражувачката педагошка практика, со докторските и со магистерските трудови, секогаш се ис-

питуваат постојните ситуации и се даваат излезни решенија, но речиси никогаш нема доволно примери за развивање на академската дидактика.

*Благодарност на г-дин Драган Митковски*
*за укажаната поддршка и отвореност*
*за соработка на овој образовен проект*

*Објавувањето на овој учебник го потпомогнаа*

*Веледрогерија „Еурофарм" – Скопје*

*ЕВН Македонија*

| | |
|---|---|
| *Рецензенти:* | проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова<br>проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска |
| *Техничко уредување:* | Никола Минов |
| *Фото на корица:* | Бојана Бораниева |
| *Лектура:* | Валентина Бачваровска |
| *Издавач:* | Филозофски факултет – Скопје |
| *Печати:* | МАР-САЖ Ташко ДООЕЛ – Скопје |
| *Тираж:* | 370 |

CIP-каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
37.091.2(075.8)

ТОМЕВСКА-Илиевска, Елизабета
Интерактивни пристапи во наставата : учебник / Елизабета Томевска-Илиевска. - 2 изд. - Скопје : Филозофски факултет, 2017. - 231 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. [221]-231

ISBN 978-608-238-061-2

а) Интерактивна настава - Високошколски учебници
COBISS.MK-ID 105611530